ВАБТЕК МЗТ АД – Скопје
ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
13.03.2019

**ЗАПИСНИК**
од одлучување без одржување на состанок на
**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
на Акционерско друштво за производство на сопирачка опрема ВАБТЕК МЗТ АД Скопје

*Членови на Одборот на Директори (во понатамошниот текст „Одборот“)*

*Г-дин Мајкл Едвард Фетцко 3-ти – неизвршен член*
*Г-дин Дејвид Мајкл Ситц – неизвршен член*
*Г-дин Селим Шимбил – извршен член*
*Г-дин Борче Давитковски – неизвршен член*
*Г-дин Васил Василев – неизвршен член*

Од страна на Извршниот член на Одборот на директори Г-дин Селим Шимбил беше предложено Одборот на директори да донесе одлуки без одржување на состанок согласно член 358 од Законот за трговските друштва. Ваквиот предлог е даден со оглед да е потребно да се донесат одлуки кои се клучни за работењето на Душтвото. Предлогот содржеше и агенда со следната содржина:

1. Одлука за свикување на вонредно Собрание;
2. Донесување на одлука за отповикување на Васил Василев од неизвршен член на Одборот на директори и избор на нов неизвршен член на Одборот на директори;
3. Донесување на одлука за реизбор на останатите членови на Одбор на директори;
4. Донесување на одлуки за одобрување на зделки со заинтересирани страни;

За таа цел до сите членови на Одборот на директори беше испратена покана со агенда, како и Предлог одлуки кои се предмет на донесување со напомена дека со потпишување на предлог одлуките ќе се смета дека членот на Одборот на директори гласал „ЗА“ за одлуката.

По разгледување на дневниот ред и прием  и увид во сите Предлог одлуки, утврдено е дека сите членови на Одборот на директори се согласни со предложените одлуки за ради што се изготвува овој Записник во кој се внесува одржината на донесените одлуки:

**ТОЧКА НА ДНЕВЕН РЕД БР. 1**
**ОДЛУКА ЗА СВИКУВАЊЕ НА ВОНРЕДНО СОБРАНИЕ**

Врз основа на член 353, 358 и 385 од Законот за трговските друштва, член 38, став 1 од Статутот на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, Одборот на директорите на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, по пат на одлучување без одржување на состанок ја донесе следнава:

# ОДЛУКА
## за свикување на вонредно собрание

**I**

**СЕ СВИКУВА** вонредно собрание на акционери на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, кое ќе се одржи на ден 22.04.2019 година во просториите на друштвото со почеток во 10.00 часот со следниот дневен ред:

1. Избор на претседавач со Собранието;
2. Избор на записничар и бројач на гласови;
3. Донесување на одлука за отповикување на неизвршен член на Одборот на директори;
4. Донесување на одлука за избор на нов неизвршен член на Одбор на директори;
5. Донесување одлука за реизбор на останатите членови на Одбор на директори;
6. Донесување на одлуки за одобрување на зделки со заинтересирани страни и
7. Друго

**II**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Одделението за човечки ресурси да објави јавен повик за свикување на вонредно собрание на половина страница на еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Македонија, како и на насловната страница од својата официјална интернет страница и на интернет страницата на Македонска Берза, најдоцна 30 ден пред одржување на собранието.

**III**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
Претседател,
на Одборот на директорите
Г-дин Мајкл Едвард Фетцко 3-ти
(Mr. Michael Edward Fetsko III)

___________________________

**ТОЧКА НА ДНЕВЕН РЕД БР. 2**

**ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА ВАСИЛ ВАСИЛЕВ ОД НЕИЗВРШЕН ЧЛЕН НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ И ИЗБОР НА НОВ НЕИЗВРШЕН ЧЛЕН НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ;**

Врз основа на член 345 и 358 од Законот за трговските друштва, Одборот на директорите на Акционерско друштво за производство на сопричка опрема ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, („Друштвото") по пат на одлучување без одржување на состанок ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

- **За отповикување на неизвршен член на Одборот на Директори на друштвото**
- **За именување на нов неизвршен член на Одбор на директори на друштвото**

**Член 1**

Г-дин Васил Василев, со живеалиште на бул. Мито Хаџи-Василев Јасмин бр. 42-1/31, 1000 Скопје, **се отповикува** од функцијата неизвршен член на Одборот на директори.

**Член 2**

Со оглед на фактот што Васил Василев, подолг период не е достапен и не ја обавува функцијата неизвршен член, откако ќе биде усвоена оваа одлука на вонредното собрание на Друштвото, истата ќе биде поднесена за упис во трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Македонија од страна на извршниот член на Одборот на директори, или од страна на овластено лице по пат на дадено полномошно од страна на истото.

**Член 3**

По пат на оваа одлука се предлага за нов неизвршен член на Одборот на дирекори да биде именуван Зоран Здравковски со живеалиште на ул. Иван Козаров бр. 53А, 1000 Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од датумот на нејзиното донесување.

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
Претседател,
на Одборот на директорите
Г-дин Мајкл Едвард Фетцко 3-ти
(Mr. Michael Edward Fetsko III)

___________________________

**ТОЧКА НА ДНЕВЕН РЕД БР. 3 ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА РЕИЗБОР НА ОСТАНАТИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

Врз основа на член 345 и 358 од Законот за трговските друштва, Одборот на директорите на Акционерско друштво за производство на сопричка опрема ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, ("Друштвото") по пат на одлучување без одржување на состанок ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**
**За реизбор на членови на Одборот на Директори на друштвото**

**Член 1**

По пат на оваа одлука се предлага реизбор на следните лица за членови на Одборот на директори согласно сегашните фунции и тоа како што следи:

- СЕЛИМ ШИМБИЛ, државјанин на Република Турција, како **извршен член** на Одбор на директори со мандат од 5 години
- БОРЧЕ ДАВИТКОВСКИ, државјанин на Република Северна Македонија, како **неизвршен и независен член** на Одбор на директори со мандат од 5 години
- ДЕЈВИД МАЈКЛ СИТЦ, државјанин на Соединетите Американски Држави како **неизвршен член** на Одбор на директори со мандат од 5 години
- МАЈКЛ ЕДВАРД ФЕТЦКО 3-ТИ, државјанин на Соединетите Американски Држави како **неизвршен член и Претседател** на Одбор на директори со мандат од 5 години.

**Член 2**

Реизборот на членовите на Одборот на директори, наведени во член 1 од оваа одлука, се предлага заради истечен мандат односно заради досега покажаниот интерес и придонес во работењето на Друштвото. Откако ќе биде усвоена оваа одлука на вонредното собрание на Друштвото, истата ќе биде поднесена за упис во трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Македонија од страна на извршниот член на Одборот на директори, или од страна на овластено лице по пат на дадено полномошно од страна на истото.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила од датумот на нејзиното донесување.

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
Претседател,
на Одборот на директорите
Г-дин Мајкл Едвард Фетцко 3-ти
(Mr. Michael Edward Fetsko III)

___________________________

**ТОЧКА НА ДНЕВЕН РЕД БР. 4 ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКИ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ;**

Врз основа на член 116 од Статутот на ВАБТЕК МЗТ АД - Скопје и член 358, 457, 460 и 460-а од Законот за трговски друштва, членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво "ВАБТЕК МЗТ" АД – Скопје по пат на одлучување без одржување на состанок ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

## За одобрување на зделка со заинтересирана страна

**Член 1**

По пат на ова одлука се врши одобрување на следните зделки со заинтересирани страни за периодот од 01.01.2019 година до 30.06.2019 година, каде ВАБТЕК МЗТ АД Скопје се јавува како Продавач а подолунаведениоте страни како Купувачи:

I. **Poli Costruzione Materiali Trazione S.R.L.** со седиште на ул. Via Fontaella 11, 26010 Camisano, Italy како Купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| Предмет | Вредност | Услови |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 25.539.942,63 денари | Пазарни |

**Вкупно: 25.539.942,63 денари** .

Износот од 25.539.942,63 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поединечно е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

II. **Wabtec Poland SP. ZOO** со седиште на ул. Rzymowskiego 31, 09-697 Warszawa, Poland како Купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 45.324.165,45 денари | Пазарни |
| | **Вкупно:** 45.324.165,45 **денари** | |

Износот од 45.324.165,45 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извешати.

III. **WABCO FREIGHT CAR PRODUCTS** со седиште на 1001 AIRBRAKE AVENUE PA 15148 WILMERDING како Купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 149.357,06 денари | Пазарни |
| | **Вкупно: 149.357,06 денари** | |

Износот од 149.357,06 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извешати.

IV. **Wabtec UK** со седиште на PO BOX 400 DONCASTER WORKS EXTHORPE ROAD DONCASTER DN1 1SL UK, како Купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 143.910,00 денари | Пазарни |
| | **Вкупно: 143.910,00 денари** | |

Износот од 143.910,00 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извешати.

V. **WPT** со седиште на 130 RIDGEVIEW CIRCLE RIDGEVIEW CENT DUNCAN, SC 29334 US, како Купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 78.445.566,33 денари | Пазарни |
| | **Вкупно: 78.445.566,33 денари** | |

Износот од 78.445.566,33 денари денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извешати.

**VI. Wabtec South Africa** со седиште на 12 VUURSLAG SRATRAN EXTENSION KEPTO, JOHANNESBURG 1613, како купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 9.414.602,66 денари | Пазарни |
| | **Вкупно: 9.414.602,66 денари** | |

Износот од 9.414.602,66 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извешати.

**VII. Faiveley Transport France** со седиште на MIENS SAS e Espace Industriel Nord, Amiens Cedex 80046 FR, како купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 11.702.531,19 денари | Пазарни |
| | **Вкупно: 11.702.531,19 денари** | |

Износот од 11.702.531,19 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извешати.

**VIII. Brush Traction** со седиште на PO Box 17, Loughborough Leicestershire, GB, LE11 1HS, како купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 739.107,00 денари | Пазарни |
| | **Вкупно: 739.107,00 денари** | |

Износот од 739.107,00 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**IX.** Faiveley Transport Rusia со седиште на LENINGRADSKAYA STREET 1, KHIMKI CITY, MOSCOW REGION, 141402, RU како купувач на сопирачка опрема

**ЗДЕЛКА**

| **Предмет** | **Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 1.448.552,55 денари | Пазарни |
| | **Вкупно: 1.448.552,55 денари** | |

Износот од 1.448.552,55 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**X. Wabtec Manufacturing Mexico** со седиште на EJE 126 NO. 230 ZONA INDUSTRIAL, SAN LUIS POTOSI SLP, 78395, Mexico како купувач на сопирачка опрема

| **Предмет** | **ЗДЕЛКА Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 15.775.214,63 денари | Пазарни |
| | **Вкупно: 15.775.214,63 денари** | |

Износот од 15.775.214,63 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**XI. Wabtec Australia** како купувач на сопирачка опрема

| **Предмет** | **ЗДЕЛКА Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 1.045.536,90 денари | Пазарни |
| | **Вкупно: 1.045.536,90 денари** | |

Износот од 1.045.536,90 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**XII. WABTEC FCP** како купувач на сопирачка опрема

| **Предмет** | **ЗДЕЛКА Вредност** | **Услови** |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 15.775.214,63 денари | Пазарни |
| | **Вкупно:** | **15.775.214,63 денари** |

Износот од 15.775.214,63 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**XIII. Beijing WABTEC** како купувач на сопирачка опрема

| ЗДЕЛКА<br>Предмет | Вредност | Услови |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 436.527,00 денари | Пазарни |
| | **Вкупно:** | **436.527,00 денари** |

Износот од 436.527,00 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**XIV. Faiveley Transport CZECH** како купувач на сопирачка опрема

| ЗДЕЛКА<br>Предмет | Вредност | Услови |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 27.438.483,30 денари | Пазарни |
| | **Вкупно:** | **27.438.483,30 денари** |

Износот од 27.438.483,30 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**XV. Faiveley Transport Witten Germany** како купувач на сопирачка опрема

| ЗДЕЛКА<br>Предмет | Вредност | Услови |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 609.830,93 денари | Пазарни |
| | **Вкупно:** | **609.830,93 денари** |

Износот од 609.830,93 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**XVI. Faiveley Transport India** како купувач на сопирачка опрема

| ЗДЕЛКА<br>Предмет | Вредност | Услови |
|---|---|---|
| Продажба на сопирачка опрема | 23.633.945,70 денари | Пазарни |
| | **Вкупно:** | **23.633.945,70 денари** |

Износот од 23.633.945,70 денари претставува вкупен збир на поединечни нарачки чиј износ поеднично е помал од 2% од вредноста на активата на Друштвото, определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.

**Член 2**

Членовите на одборот на Директори на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје ги **ОДОБРУВААТ** зделките под услов истите да бидат одобрени со мнозинство гласови на акционерите кои немаат интерес во зделката на вонредното собрание на акционери на "ВАБТЕК МЗТ" АД – Скопје закажано за 22.04.2019 година.

**Член 3**

**СЕ ОВЛАСТУВА** Генералниот Директор на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје врз основа на оваа одлука да ги спроведува и да изврши реализација на истите.

**Член 4**

Со донесување на оваа одлука Друштвото потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа одлука согласно одредбите од Законот за трговските друштва и важечкиот Статут на Друштвото.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Записникот е изготвен на ден 13.03.2019 година.

ВАБТЕК МЗТ АД Скопје
Претседател,
Одборот на директорите
Г-дин Мајкл Едвард Фетцко 3-ти
(Mr. Michael Edward Fetsko III)

__________________________